**20251923941**

## СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на членот 75, ставови 1 и 2 од Уставот на Република Северна Македонија, претседателот на Република Северна Македонија и претседателот на Собранието на Република Северна Македонија, издаваат

## У К А З
## ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

Се прогласува Законот за изменување на Законот за семејството,
што Собранието на Република Северна Македонија го донесе на седницата одржана на 12 септември 2025 година.

Бр. 08-4857/1
12 септември 2025 година
Скопје

Претседател на Република
Северна Македонија,
**Гордана Сиљановска-Давкова,** с.р.

Претседател на Собранието
на Република Северна
Македонија,
**Африм Гаши,** с.р.

## ЗАКОН ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА СЕМЕЈСТВОТО

Член 1

Во Законот за семејството („Службен весник на Република Македонија” број 80/1992, 9/1996, 79/2001, 38/2004, 60/2005, 33/2006, 84/2008, 117/2009, 67/10, 156/10, 39/12, 44/12, 38/14, 115/14, 104/15, 150/15 и 122/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија” број 51/21, 53/21 и 199/23), во член 14 во ставовите 2 и 4 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „Министерството за социјална политика, демографија и млади“ (во натамошниот текст: Министерството).

Во ставот 5 зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен“ се заменуваат со зборовите: „Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен“.

Член 2

Во член 14-а во ставот 4 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборовите: „министерот за социјална политика, демографија и млади (во натамошниот текст: министерот)“.

Член 3

Во член 26 во ставот 5 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 4

Во член 97-а во ставовите 1, 7 и 11 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 5

Во членот 97-б зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 6

Во член 100-а во ставот 6 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 7

Во член 103-а во ставот 2 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 8

Во член 104 во ставот 2 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 9

Во член 104-в во ставот 2 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 10

Во член 104-е во ставовите 1 и 2 зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 11

Во член 104-з во ставот 8 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 12

Во член 104-ѕ во ставот 5 зборовите: „Министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 13

Во член 110 во ставот 6 зборовите: „министерот за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „министерот“.

Член 14

Во член 131 во ставот 2 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 15

Во член 132 во ставот 2 зборовите: „Министерството за труд и социјална политика“ се заменуваат со зборот „Министерството“.

Член 16

Низ целиот текст на законот зборовите: „Република Македонија” се заменуваат со зборовите: „Република Северна Македонија”.

Член 17

Се овластува Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Северна Македонија да утврди пречистен текст на Законот за семејството.

Член 18

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.